**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-115/3**
**Скопје, 24.01.2008 година**

**ДО**

**ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ФЕМО КУЛАКОВ“- НЕГОТИНО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавана установа детска градинка „Фемо Кулаков“- Неготино ( ЈУ ДГ„Фемо Кулаков„ Неготино), за Сметката на буџетот од самофинансирачки активности – 787 за 2006 година кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката на буџетот од самофинансирачки активности – 787 на ЈУ ДГ „Фемо Кулаков“- Неготино, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Елизабета Петрова - директор, во 2006 година на ЈУ ДГ „Фемо Кулаков„.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 24. 10.2007 до 31.10.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени

рекласификации поради добивање на појасна слика и со прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10. 1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Наодот од точка 10.1.1. од Конечниот извештај за Сметката на буџет на дотации (903) кај ЈУ ДГ „ Фемо Кулаков„ Неготино во делот на неправилна примена на акти се однесува и за сметката на буџетот на самофинасирачки активности на ЈУ ДГ„Фемо Кулаков„ Неготино

10.1.2. Управниот одбор на градинката нема донесено одлука со која ќе се утврди висината на благајничкиот максимум , односно дневно расположивите средства , што е спротивно на Законот за платен промет и одредбите за благајничко работење. Непостоење на овој акт создава можности за нелимитирано чување на парични средства во благајната.

**Препорака:**

Управниот одбор на градинката да донесе одлука за утврдување на благајнички максимум согласно позитивните законски прописи.

**10. 2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. ЈУДГ „Фемо Кулаков“- Неготино нема утврдено сметководствена политика за евидентирање на издавањето и користењето на верна картичките за набавено гориво. Истите не се евидентираат како Побарувања од вработените за дадени аванси и на соодветната пасивна сметка, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. На овој начин се создаваат услови за ненавремено раздолжување на лицата кои подигнале верна картички и не се обезбедува реалност и објективност на настанатите промени во благајната за гориво и следење на наменското користење на средствата.

**Препорака:**

- да се донесе интерен акт со кој ќе се утврдат корисниците на Верна картички и
- да се воспостави евиденција на верна картиците за гориво согласно законските прописи.

**10.3. Ненаменско и незаконско користење на средствата**

**10.3.1. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки**

10.3.1.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки и тоа:

- спротивно на член 12 од Законот, во одлуките за потребата од јавна набавка за прехрамбени производи и средства за хигиена за 2006 година и за набавка од мала вредност на клима уреди, одговорното лице не го утврдил износот на средствата потребни за реализација на набавката;
- спротивно на член 21 од Законот, по отворањето на понудите Комисијата за јавни набавки не поднесува изјава во писмена форма за постоење или непостоење на конфликт на интереси;
- спротивно на член 53 од Законот, извршеното бодирање и евалуирање на понудите Комисијата за јавни набавки го вклучила во записникот за јавното отварање на понудите, а не изготвила писмен извештај за разгледување, оценување и споредување на понудите (евалуација);
- спротивно на член 55 од Законот, по извршениот избор на најповолната понуда од Отворениот повик бр.1/2006 година за набавка за прехрамбени производи и средства за хигиена и од постапката за набавка од мала вредност на клима уреди, Комисијата за јавни набавки не доставила писмено известување до елиминираните понудувачи за изборот на најповолната понуда и
- спротивно на член 72 од Законот, извршени се набавки во износ од 177 илјади денари без спроведена постапка за набавка од мала вредност (Прилог 1)

Ваквиот начин на спроведување на јавните набавки е во спротивност со Законот за јавни набавки, не обезбедува транспарентност и јавност, создава можност за необјективност и фаворизирање на одредени фирми за набавки по зголемени цени и не се создаваат услови за избор на најповолна понуда.

**Препорака:**

Одговорно лице да создаде услови за целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти и постапки во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.1. и 10.2. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката на буџетот од самофинансирачки активности – 787 на ЈУДГ „Фемо Кулаков“- Неготино на 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, на Сметката на буџет од самофинансирачки активности – 787 на ЈУДГ „Фемо Кулаков“- Неготино, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**13. Прифатени и корегирани неправилности на Сметка на буџет од самофинансирачки активности – 787 на ЈУ ДГ „Фемо Кулаков“- Неготино во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

**13.1. Корекции во Билансот на состојба**

13.1.1. Во главната книга на сметководството извршени се следниве корекции заради исправање и усогласување на погрешно евидентираните состојби во Билансот на состојба, и тоа:

- намалување на ставка Благајна во износ од 5 илјади денари, а зголемување на ставка Побарувања од вработените за дадени аванси, заради доведување во исправна состојна на погрешно евидентираната состојба на издадени Верна картици за гориво. Заради усогласување на состојбите за истиот износ е извршено намалување на ставка Обврски спрема работниците, а зголемување на ставка Други пасивни временски разграничувања.
- намалување на ставка Државен јавен капитал во износ од 106 илјади денари, а зголемување на ставка Други пасивни временски разграничувања.

**Скопје, 28.12.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Сметка 787-Приходи од самофинансирачки активности , ЈУДГ „Фемо Кулаков„, НЕГОТИНО**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2006** | **2005** |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 2,450 | 2,538 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 16 | 65 |
| **Вкупно приходи** | | **2,466** | **2,603** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 2,437 | 2,539 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2,437** | **2,539** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | | 0 | 48 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **0** | **48** |
| **Вкупно расходи** | | **2,437** | **2,587** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **29** | **16** |

**Сметка 787-Приходи од самофинансирачки активности , ЈУДГ „Фемо Кулаков„, НЕГОТИНО**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 29 | 16 |
| Побарувања | 4.1.2. | 579 | 605 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.3. | 5 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 252 | 338 |
| Залихи | 4.1.5. | 71 | 38 |
| **Вкупно тековни средства** | | **936** | **997** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | | 0 | 63 |
| **Вкупно постојани средства** | | **0** | **63** |
| **Вкупна актива** | | **936** | **1,060** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 252 | 338 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 613 | 515 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **865** | **853** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.3.1. | 71 | 207 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **71** | **207** |
| **Вкупна пасива** | | **936** | **1,060** |

**Сметка 787-Приходи од самофинансирачки активности , ЈУДГ „Фемо Кулаков„ НЕГОТИНО**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **169** | **38** | **207** |
| **Зголемување по основ на:** | **(47)** | **1,193** | **1,146** |
| Набавки | (47) | 1,193 | **1,146** |
| **Намалување по основ на:** | **122** | **1,160** | **1,282** |
| Амортизација | 16 | | **16** |
| Пренос на други сметки | 106 | 1,160 | **1,266** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **0** | **71** | **71** |